НАСЛОВ СО ПОВОД

КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ ШТО ГИ ИМА ПОТПИШАНО СОНК, ВАЖАТ ИСКЧЛУЧИВО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Одржувањето на едукативните семинари со членовите на регионалните одбори на СОНК, во предходните два викенда беа со регионалните одбори на СОНК од Битола, Гази Баба, Струга и Охрид. И на овие четири регионални одбори, се повтори тоа што беше одлика и на предходните регионални одбори – без малку, целосно учество на членовите на регионалните одбори (претседатели и евентуално секретари, како замена за претседатели кои оправдано биле спречени), недвосмислен интерес за излагањата по темите од страна на претставниците од највисокото раководство на СОНК и што е посебно значајно за сите досегашни региони – неподеленото мислење од потребата и користа за ваквите едукативни семинари.

Досегашниот впечаток на раководството на СОНК е дека поголемиот дел од членовите на регионалните одбори, не се доволно упатени во содржината на документите на СОНК, а тука се мисли на Статутот на СОНК, Програмата на СОНК и посебно за поединечните колективни договори по дејности. Ваквиот заклучок, раководството го изведува од фактот, што во вториот дел од семинарот, кој всушност е работно – разговорен, со очекувања за давање на предлози, мислења, иницијативи, одредени состојби за некои синдикални организации, кои се за одбележување и кои се позитивни, а зошто да се крие ги има и негативни, бројот на учесници во овој дел е под очекувањата на овие семинари.

Благо речено, неприфатливо е дека, еден голем дел на членови на регионални одбори (ова важи за сите досега одржани регионални одбори), со изненадување да го слушнат непобитниот

аргумент, дека потпишаните колективни договори на СОНК, кои се во важност и се применуваат – **ВАЖАТ ИСКЛУЧИВО САМО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК!** Нека ни биде простено на тежината на зборот што ќе го кажеме – **Б О Л И** оваа реалност, кога ќе слушнете прашање и одобрување од најголемиот дел од другите присутни – **Зошто да членуваме во СОНК, кога ги користат истите права и тие што не се членови на СОНК ???!!!**

СОНК е единствениот Синдикат, не само во нашата држава, туку и пошироко во Регионот, кој успеал со соодветниот социјален партнер, за секој од потпишаните колективни договори, да го вгради ова решение, кое има сила на Закон, а со правен јазик кажано, дури и повисоко од Закон, затоа што утврдува поголеми права, кои со Закон се утврдени.

Непознавањето на оваа толку важна одредба од нашите колективни договори, сигурно дека досега голем дел од нашите членови имаат изгубено права кои требало да ги користат, а исто така и на целиот наш Синдикат, му има нанесено огромна штета.

На крајот, ќе го споменеме и сеуште од поедини членови од регионални одбори, поставувањето на прашањето за плаќањето на надоместокот за превоз на наставниците и често пати со обвинувања до раководството на СОНК, дека не успеале да го одбранат ова право, што не постои со самиот системски премин на финансирање од нето во бруто плата. Тоа е решение на ниво на држава и станува збор за систем и никој не можел поинаку да бара издвојување, меѓутоа раководството на СОНК сите овие години од 2009, па се до денес, во договор со раководствата на општините и со посредство на Министерството за образование и наука, во најголемиот број на општини го имаат решено на различни начини, но во секој случај со обезбедување на бесплатен превоз на наставниците, а никако со добивање на паричен надоместок, бидејќи тоа би претставувало кривично дело.

И сосема на крај, општа оценка за досега одржаните едукативни семинари, во четиринаесет регионални одбори на СОНК е во секој

случај многу позитивна, а слабостите кои испливаа, а за некои од нив се обидовме да проговориме и во овој текст, раководството преку Советот на СОНК, ќе направи анализа и очекувано е да биде донесен документ, за надминување на овие состојби.

ОДРЖАНИ СЕ ЕДУКАТИВНИ СЕМИНАРИ ВО ПОЛОВИНА ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

ПРОДОЛЖУВА ОГРОМНИОТ ИНТЕРЕС ЗА СЕМИНАРИТЕ

Едукативните семинари со претседателите на синдикалните организации на СОНК, кои отпочнаа со одржување во текот на изминатиот месец, продолжија да се одржуваат и овој месец .

Во изминатите викенди беа одржани едукативни семинари во регионалниот одбор на СОНК- Тетово и регионалниот одбор на СОНК – Гостивар. Во овие два регионални одбори на СОНК, процентот на присуство на едукативните семинари од страна на претседателите (или секретарите) на синдикалните организации на СОНК , беше на високо ниво, што е голем показател за потребата за синдикална едукација на раководството во

синдикалните организации.

Вредно е да се напомене дека мултиетничноста на нашиот Синдикат е изразена токму во овие два регионални одбори на СОНК, во кои членуваат со огромен процент, од вработените од сите дејности што синдикално ги обединува СОНК, од сите националности од полошкиот и мавровскиот регион.

Во вториот дел од семинарите и во двата регионални одбори , на покана од претседателите на овие регионални одбори, присуствуваа раководителите на секторот образование од општина Тетово и општина Гостивар, што е доказ на коректионот социјален дијалог на ниво на локална самоуправа.

На 19 и 20-03- 2015 г . во регионалните одбори на СОНК Прилеп и Кавадарци се продолжи со одржување на едукативните семинари, на кои присуствуваа претседателите, или од нив овластени преставници од сите синдикални организации од споменатите регионални одбори на СОНК.

Не поделено е мислењето на сите учесници на семинарите дека, предвидените три теми пројавуваат голем интерес кај учесниците, но и предвидената активност за одржување на семинарите во синдикалните организации со членовите од истите, на кои што членството ќе добие информација за придобивките од членувањето во СОНК, правата и обврските на секој член, заштитата од работен однос, надминување на слабостите во Синдикатот, како и зачувување на единството на СОНК.

ПОЧНА ОДДРЖУВАЊЕТО НА ЕДУКАТИВНИТЕ СЕМИНАРИ ВО СОНК

СЕ ПОТВРДИ ГОЛЕМАТА ПОТРЕБА ОД СИНДИКАЛНА ЕДУКАЦИЈА

Првите едукативни семинари, кои беа најавени на VI – от Конгрес на СОНК во програмските определби и со конкретизирана Програма, усвоена од Советот на СОНК, се оддржаа минатиот викенд во два регионални одбори на СОНК – Делчево и Кочани.

Заедничка карактеристика на одржаните семинари во споменатите региони , е неподеленото мислење на членовите на овие наши региони, а тоа всушност се претседателите на синдикалните организации на СОНК од општините кои ги опфаќаат овие региони, дека била сосема оправдана потребата од синдикална едукација.

На семинарите, на кои во првиот дел беше направена презентација на три области кои, по наша оценка се сметаа за најпотребни во едукативниот процес и тоа : ,, Синдикатот – нужна потреба или наметната обврска за работниците” ; ,,Правна регулатива на Синдикатот” и ,, Стратешки цели на СОНК за

наредниот петгодишен период“, а во попладневниот дел од семинарот, заедничка дискусија по темите и сите актуелни прашања во СОНК. Без исклучок од сите присутни беше искажано задоволство од ваквиот начин на одржување на едукативните семинари.

Во повеќето дискусии од двата региони, преовлада мислењето дека во трите теми содржински се опфатени најзначајните прашања кои се од интерес на членството на СОНК, со јасно потенцирање дека, за поголем дел од присутните немале сознанија или имале половични познавања за тие прашања. Преовлада заклучокот дека,поради евидентните празнини во делот на синдикалните познавања, често пати, особено во значаен дел во синдикалните организации правени се погрешни проценки, а некогаш се носени и заклучоци за одредени активности на СОНК.

Во воведното излагање по темите, беше отворено зборувано и за позитивните страни, но и за слабостите со кои СОНК е соочен во овој момент, а се со цел првите (позитивните), да се оддржуваат и постојано да се зголемуваат, додека согледаните слабости постепено, но и што е можно побрзо, да бидат надминати.

На крајот од двата споменати едукативни семинари беше договорено, во што пократок период, со предходно направена подготовка и во целосна координација со раководството на регионот, семинарите да бидат одржани и во сите синдикални организации на СОНК. За таа намена, од страна на раководството на СОНК се изготви Прирачник, како основен материјал за оддржување на семинарите.

На 5-02-2016 година во попладневните часови, раководството на СОНК и претседателот на Регионалниот одбор на СОНК – Делчево, имаа работна средба со градоначалниците на општина Делчево и на општина Македонска Каменица, на која стана збор за социјалното партнерство помеѓу надлежните на овие две локални единици и регионалниот одбор на СОНК, во решавање на сите прашања кои се од надлежност на двата социјални партнери.

Како краен заклучок, со сигурност може да се констатира дека одржаните едукативни семинари во регионите Делчево и Кочани, беа успешно оддржани и истите ќе имаат голем придонес во поквалитетно функционирање на синдикалните организации и споменатите регионални одбори на СОНК.

Учесниците од СОНК успешно ја завршија обуката за наставник – едукатор

Во рамки на проектот „Одржување на благосостојбата на младите наставници во училиште” („Sustaining Young Teachers’ Wellbeing at School” – YouWell), 2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901, во периодот од 7 до 11 јули 2023 година, во Софија, 15-те наставници кои беа избрани од Македонија, Бугарија и Словенија за имплементација на овој проект, успешно ја завршија обуката

за наставник – едукатор.

Обуката “Mentoring through coaching” беше реализирана од страна на тимот на организациите: National Management School од Бугарија и New Mindset Coaching & Training од Белгија. Истата имаше за цел следење и поддршка на наставници кои се нови во професијата во овие земји, односно поддршка на свои колеги кои се на почеток на својата кариера како наставници, а практичната реализација на стекнатите знаења од обуката ќе започне од месец октомври 2023 година.

Програмата имаше за цел да создаде поддршка и мотивација за подобра меѓусебна соработка и развој на вештини кои се потребни за следните чекори.

Во овие 5 дена, во просториите на Social Innovators во Бугарија, учесниците го започнаа своето патување и мотивирано се впуштија во откривање и учење, каде главниот фокус беше ставен на развивање суштински вештини за „обучување“ кои излегуваат надвор од училницата – вештини за живот! Овие вештини за „обучување“ ќе ги поттикнат сите учесници во

програмата да станат уште подобри комуникатори, слушатели и решавачи на проблеми, што е основа за личен и професионален развој. Преку примена на иновативниот формат “Clarity Check-in Series” беше воведена техниката на емпатија и разбирање меѓу наставниците – едукатори, а преку креативните картички за проектот DiArc се поттикнуваа креативноста и имагинацијата, овозможувајќи им на учесниците да размислуваат “надвор од кутијата” и да истражуваат нови перспективи. Игрите со LEGO се покажаа како неочекувана алатка за помагање на обучуваните наставници – едукатори да ги идентификуваат своите цели и да се замислат себеси како ефикасни наставници – едукатори. На општо задоволство на сите, се изгради една заедница на високо-мотивирани наставници – едукатори, подготвени да остават трајно влијание во образовниот процес.

Патувањето продолжува од месец октомври, кога овие 15 наставници – едукатори ќе започнат со работа во своите земји, со своите колеги и ќе продолжат на оваа нова патека на менторство која се открива пред нив.

ERASMUS+ ПРОЕКТОТ YOUWELL –

ПОДДРШКА, МЕНТОРСТВО И ОБУКА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ПОЧЕТНИЦИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Со задоволство Ве известуваме дека Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК го започнува Erasmus+ проектот (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901): **Sustaining Young Teachers' Wellbeing at School – YouWell**, во соработка со братскиот синдикат Подкрепа, како и останати партнери од Бугарија, Белгија и Словенија.

Проектот ќе трае 24 месеци, за кој период наставниците со искуство ќе имаат обука за менторство, со цел воведување и професионално усовршување на наставници почетници, кои штотуку влегуваат во наставничката професија.

Ефективното менторство на наставниците почетници може да заштеди време и трошоци, зголемувајќи ја ефективноста, задоволството од работата, задржувањето и привлечноста на професијата.

Целта на проектот е наставниците почетници да се чувствуваат безгрижно во нивното професионално патување и да развијат силна мотивација и компетенции да останат во избраната професија.

Повеќе информации за проектот можете да добиете на следните линкови:

www.youwellproject.eu – официјална веб страна на проектот

https://www.facebook.com/youwellproject – официјална facebook страна на проектот

СИНДИКАЛНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА ТЕТОВО И ГОСТИВАР ПРИСУСТВУВАА НА ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

На ден 23.02.2023 година, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР реализираа уште една работилница во рамките на проектот "Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука", на која присуствуваа синдикални претставници на СОНК од Регионалните одбори на Тетово и Гостивар.

Целта на работилницата беше да се увиди нивото на владеење и да се прошири знаењето од областа на безбедноста и здравјето при работа на синдикалните претставници.

На работилницата беше опфатен теоретски и практичен дел во однос на позиција работодавач – работник, како и во однос на професионални заболувања со кои се соочуваат вработените во сите дејности што ги застапува СОНК.

Во интерактивниот дел, присутните членови на СОНК поставуваа прашања, разменуваа информации за правата на работниците во делот на БЗР и добиваа соодветни одговори од страна на двајца предавачи односно стручно лице за БЗР и доктор по медицина на труд.

СОНК НА ПРВИОТ РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПАРТНЕРИТЕ – УЧЕСНИЦИ ВО ERASMUS+ ПРОЕКТОТ YOUWELL

На 01.03.2023 година, во Софија, во рамките на Erasmus+ проектот (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901): Sustaining Young Teachers' Wellbeing at School – YouWell, кој е финансиран од Европската унија, се одржа првиот работен состанок на сите партнери учесници во проектот.

Домаќин на состанокот беше Синдикатот за образование од Република Бугарија – Поткрепа, а освен СОНК, присутни беа и Младинскиот центар за култура од Целје – Република Словенија, Тренинг центарот за обука од Брисел – Белгија и Националното училиште за менаџмент од Софија – Република Бугарија.

На работниот состанок, најнапред беа презентирани главните елементи на проектот: целите, резултатите и временската рамка, потоа секој партнер накратко ја презентираше својата организација, но и мотивацијата да се приклучи на проектот, а се презентираа и главните активности и конкретни чекори што треба да се следат за реализација на проектот во наредните 20 месеци.

ЈАВЕН ПОВИК за ангажирање на 5 (пет) наставници од основно и средно образование за обука на наставник – едукатор

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, за потребите на проектот „Одржување на благосостојбата на младите наставници во училиште” („Sustaining Young Teachers’ Wellbeing at School”), 2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901, објавува јавен повик за ангажирање на 5 (пет) наставници од основно и средно образование за обука на наставник – едукатор.

Јавниот повик може да се погледне на следниот линк:

Работилница за изработка на Стратегија за безбедност и здравје при работа во образовниот и научниот сектор

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР, на 07 и 08 април 2023 година, одржаа работилница во Охрид, за подготовка на акционен план за изработка на Стратегија за безбедност и здравје при работа, а во рамките на проектот "Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука".

Присутните членови ги искажаа проблемите со кои се соочуваат на своите работни места, а воедно дадоа иницијатива за формирање на Комисија за жалби за непримена на законот и прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Исто така, беше предложено да се врши едукација на синдикалните претставници преку синдикална школа, како и да се подигнат капацитетите на граѓанските организации и синдикатите во креирање на кампањи за подигнување на јавната свест од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Сето погоренаведено ќе помогне да се изготви Стратегија за безбедност и здравје при работа во образовниот и научниот сектор, која ќе биде доставена до надлежните министерства, со цел подобрување на условите за работа во дејностите што ги застапува СОНК.

Присутните на работилницата ја искажаа потребата од повеќе вакви работилници, обуки и семинари на национално ниво, со единствена цел вработените во овие дејности да се запознаат со правата и обрските од Законот за безбедност и здравје при работа.

Членовите на СОНК на уште една работилница за здрава и безбедна работна средина

Во рамките на проектот “Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука”, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР, на ден 05 и 06.05.2023 година, одржаа работилница на која учествуваа членови на СОНК од Регионалните одбори на Центар, Карпош и Гази Баба.

На работилницата, присутните членови имаа можност да се едуцираат и да ги прошират своите знаења, како и да ги посочат проблемите со кои се соочуваат на своите работни места во однос на безбедноста и здравјето при работа.

Актуелните теми за безбедноста и здравјето при работа беа презентирани од страна на предавачи и стручни лица во оваа област, а работилницата имаше и интерактивен карактер, на која присутните добија одговори на сите поставени прашања.

На крајот од работилницата, учесниците изразија голема благодарност за можноста да се стекнат со неопходните знаења од оваа, за нив, многу значајна област.